Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndermarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika Maqedonisë
Број / numër 02-5883
Дата / data 28.06.2011

Врз основа на член 24 од Статутот на ЈП Комунална хигиена-Скопје, Управниот Одбор на својата 19-та.редовна седница одржана на ден 28.06.2011 год.ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за методологија за утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комуналниот отпад од физички и правни лица- корисници на услуга

### Член 1

Согласно Законските и Подзаконските прописи , Претпријатието услугата за собирање и транспортирање на комунален отпад од корисниците на услугата, физички и правни лица, ја наплаќа согласно количеството и видот на отпад што го создаваат корисниците, која се утврдува според мерната единица денар по метар квадратен.

### Член 2

Методологијата – начинот на утврдување на површината во сопственост односно која ја користат корисниците, а која ќе биде основ за пресметка на услугата, за одделни видови на корисници е следна:

1. **Физички лица (домаќинства):**

1.1. За физичко лице (домаќинство) во колективен станбен објект, за пресметка ќе сеземе збирот на следните површини:
- Нето површина на станот со сите додатни – помошни простории односно површини (тераси, лоѓии и др.) , а кои претставуваат единствена целина на станот.
- Нето површина на подрум
- Нето површина на гаража односно подземно паркинг место (плац) и
- Заедничката површина (простории) на колективниот станбен објект како што се скалилата, ходниците и слично, **во висина од 10% од нето површината на станот.**

1.2. За физичко лице (домаќинство) во индивидуален станбен објект за пресметка ќе се земе збирот на следните површини:
- Нето површина на куќата земајќи ја во обзир катноста и сите помошни простории односно површини (тераси, лоѓии, скалила, подрум, гаража и слично), а кои претставуваат единствена целина на куќата.
- Нето површина на сите објекти вон габаритот на куќата (гаража, шупа и слично)

Површината на дворното место не се зема во пресметката за надоместок на услугата, но од страна на одговорните лица на Претпријатието покрај површината за пресметка на надоместокот, дворната површина ќе се евидентира во образецот – формуларот: **“Договор- Записник за утврдување и пријавување на станбени, дворни и други корисни површини“.**

2. **Правни лица:**

За сите правни лица и трговци поединци за пресметка на услугата ќе се земе збирот на следните површини:

- Изградена нето површина на објекти наменети за вршење на стопанска дејност како што се канцеларии, работилници, производни хали, дуќани и слично со сите помошни простории и површини што им припаѓаат за употреба на тие објекти.
- Отворени или делумно покриени површини кои се користат постојано или повремено за складишта, магацини и слично.
- Приодни сообраќајници и стази, паркинзи (во оградениот дел на правното лице кое му е во сопственост или го користи) и
- Неизградено градежно земјиште.

Површината на дворното место со насадено и одржувано т.н. култивирано зеленило не се зема во пресметка за надоместокот на услугата.

Од страна на одговорните лица во Претпријатието покрај површините за пресметка на надоместокот, во образецот- формуларот: **"Договор-Записник за утврдување и пријавување на деловни и други површини"**, површината со култивирано зеленило одделно се евидентира.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања, Служба за премер и наплата, доследно да се придржува кон одредбите на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука да се објави на WEB страна на Претпријатието.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈП Комунална хигиена- Скопје во определување на површината како основ за пресметка на надоместокот за извршената услуга собирање и транспорт на комунален отпад од физичките и правни лица корисници на услугата, досега користеше некои не валоризирани правилници како и наследени а може да се каже обичајни норми во работењето, наследени од правниот претходник ЈКП Комуналец-Скопје.

Поради тоа се наметна потребата од донесување на ваков акт – Одлука, со која прецизно ќе се утврдат параметрите односно начинот на определување на површината во сопственост или која ја користи корисникот, а која ќе биде основ за пресметка на надоместокот за извршената услуга.

**Управен Одбор**
**Претседател**
**Марика Зафировска**